XXI WORLD CONGRESS ON SAFETY & HEALTH AT WORK 2017

3–6 September 2017
Sands Expo and Convention Centre
Marina Bay Sands, Singapore

# XXI СВЕТСКИ КОНГРЕС ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА, 3-6 СЕПТЕМВРИ 2017 - СИНГАПУР

**Почитувани,**

Во период од 3 – 6 септември 2017 година во Сингапур ќе се одржи XXI Светски Конгрес за безбедност и здравје при работа под мотото: ***Глобална визија за превенција***.

Програмата на Конгресот вклучува церемонија за отворање и затворање, воведни говори, технички сесии, специјални настани и симпозиуми, презентациите на постери, индустриски посети, придружниот саем и Интернационалниот медиа фестивал за превенција 2017.

**Медиа фестивалот за превенција е поделен во две категории:**

**I Предизвик за професионалци, инженери, факултети, студенти, организации од целиот свет кои работат и делуваат во областа на безбедноста и здравјето при работа,**

**II Безбедност на младите при работа**

Во првата категорија Македонското здружние за заштита при работа (CIS/Колаборативен центар на МОТ, и Focal point na EU-OSHA), поттикната од желбата, односно стремежот да се постигне подигнување на свеста на јавноста со фокус на работниците и работодавачите за основното човеково право – правото за безбедни и здрави работни места достави видео спот на фестивалот, авторско дело на Милан Петковски, претседател на МЗЗПР, изработен од Backstage продукција и финансиски подржан од Европската Унија.

На натпреварот доставени се 235 пријави од 38 земји, претставени во „филм” и „мултимедијални производи” кои придонесуваат за подобрување на безбедноста и здравјето на работното место. Видео спотот на Македонското здружение за заштита при работа, во таа конкуренција влезе меѓу 38 номинации од 22 земји за награда.

Во втората категорија доставени се цртежи, постери, текстови и два видео записи од ученици, студенти и млади во категорија од 15 – 24 години од Македонија.

Победниците ќе бидат официјално избрани на Меѓународниот фестивал за превенција кој ќе се одвива заедно со Светскиот конгрес за БЗР во Сингапур и наградата ќе биде доделена на церемонијата која ќе се одржи на 4 септември 2017 година.

Бидејќи нема поголемо достигнување од тоа да ја претставуваш сопствената земја на Фестивалот кој нуди преглед на филмови и мултимедијални продукции за безбедност и здравје при работа од целиот свет, како и можност за учесниците да се претставаат проектите пред аудиториум од меѓународни професионалци во областа, Ве покануваме да заземете свое учество на Конгресот во Сингапур 2017 година.

**Котизацијата за учество на конгресот изнесува: 124.420,00 денари**

**Во цената е вклучено:**

- Повратен авионски билет за временски период од 01.09 – 05.09.2017 година, три ноќевања со појадок во Сингапур (еднокреветна соба), превоз од аеродром до хотел, и повратно.

**Во цената не е вклучено:**

- Превозот од хотел до Конгресниот центар. Опција за превоз е возможна за група од најмалку 8 лица. Растојанието од хотел до конгресен центар е 2,1 км. и постои опција за тамошен локален превоз.

* ***Напомена: Висината на понудената цена може да биде променлива, во зависност од промената на цената на авионскиот билет. Ве молам за брза предрезервација.***

За дополнителни информации контактирајте не на електронската пошта:

*kontakt@mzzpr.org.mk* и *slavica.s@mzzpr.org.mk* или на тел. **02 2 774 868** или **075 432 071**.

*Со почит,*

**Милан Петковски,**

*Претседател на*
*Македонско здружение*
*за заштита при работа*